Врз основа на член 112 од Законот за високо образование („Службен Весник на РМ“ бр. 82/18) и одредбите од Статутот на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, Наставничкиот совет на седница одржана на 23.01.2019 година го усвои следниов

# П Р А В И Л Н И К
# за стручно, односно професионално усовршување, формите на неформално учење и условите за нивното организирање

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредува начинот на реализирање, условите и постапката за организирање на стручно, односно професионално усовршување и формите на неформално учење, начинот на организирање и работење, правата и обврските на предавачите, правата и обврските на лицата кои ги посетуваат програмите на стручно, односно професионално усовршување и другите форми на неформално учење, издавањето на сертификати за учесниците, финансирањето на активностите и распределбата на средствата на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје (во понатамошниот текст ФБЕ).

## Програми за стручно и професионално усовршување

**Член 2**

ФБЕ нуди консултантски услуги, обуки и квалификациски програми за професионално усовршување, доживотно учење и кариерен развој.

Програмите за стручно и професионално усовршување, односно неформално учење што ќе се реализираат преку ФБЕ, се организираат за усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењата и за задоволување на потребите на бизнис заедницата, приватните и јавните институции, организации и останатите засегнати правни и физички лица за стекнување нови знаења, техники и

вештини за поефикасно да одговорат на предизвиците со коишто се соочуваат при извршувањето на дејноста.

**Член 3**

Активностите на ФБЕ, во рамките на стручното и професионалното усовршување опфаќаат:

- организирање курсеви за едукација и тренинг на лица, за различни аспекти на деловните процеси;
- обезбедување стручна помош (експертизи, вештачења, проценки, анализи и студии) при изработката на: проектни документации, развојни стратегии, бизнис планови, поведување на судски спорови и др.);
- креирање база на податоци за деловните субјекти и воспоставување перманентна двонасочна комуникација за динамично следење и разрешување на проблемите;
- согледување на потребите на пазарот на труд и креирање соодветни програми за едукација и тренинг, во согласност со манифестираните потреби;
- обезбедување консалтантски услуги во врска со реализацијата на деловните трансакции, финансирањето, воспоставувањето на деловни контакти и сл.;
- информирање на работодавачите за расположливиот високостручен кадар, едуциран на Факултетот, т.е. согледување на можностите за нивно вработување;
- организирање промоциски предавања, семинари, работилници и сл.

**Член 4**

Стручното и професионалното усовршување, се врши по однапред утврдена програма.

Програмата за стручно и професионално усовршување ја утврдува Наставничкиот совет и истата го содржи вкупниот број на часови, потребни за соодветното усовршување, посебно бројот на часови за настава, посебно за практичната работа и вежби, потребната литература, начинот на проверка на знаењата и вештините стекнати по реализацијата на програмата и други прашања од значење за успешна реализација на програмата.

**Член 5**

ФБЕ може да организира стручно, односно професионално усовршување, доколку се исполнети следните услови:

- да има изработено елаборат за истото;
- да има обезбедено просторни, технички и кадровски услови и
- други услови.

**Други форми на стручно, односно професионално усовршување**

**Член 6**

Покрај програмите на стручно и професионално усовршување, може да се реализираат и курсеви, семинари, стручни и научни советувања, зимски и летни школи, работилници и други форми на неформално усовршување на кои лицата кои ги посетуваат се запознаваат со одредени тематски области на одредена професија заради проширување и продлабочување на стекнатото знаење и успешна работа во пракса.

**Член 7**

Учесниците плаќаат надомест за посетување на програмите на стручно и професионално усовршување и други форми на неформално учење.

Висината на надоместокот се утврдува со соодветната програма.

Директорот на ФБЕ може да утврди повластени услови за деловните субјекти, доколку тие пријават учество на повеќе посетители од истиот деловен субјект.

Доколку се организираат курсеви за едукација и тренинг на вработените од еден субјект, надоместокот за организација на курсот ќе биде договорно определен, со склучување договор меѓу нарачателот - деловниот субјект и организаторот - Факултетот.

По исклучок, Директорот на ФБЕ за одредена целна група, односно лице може да донесе одлука за бесплатно одржување на некоја од формите на стручно, односно професионално усовршување и другите форми на неформално согласно одредбите на овој Правилник.

**Член 8**

Лицата запишани на програмите на стручно и професионално усовршување и други форми на неформално учење немаат статус на студенти, во смисла на Законот за високо образование, Статутот на ФБЕ и овој Правилник.

**Член 9**

Лицата кои ќе ја совладаат програмата на стручно и професионално усовршување според концептот на Доживотно учење и други форми на неформално учење се стекнуваат со потврда, односно сертификат кој го издава ФБЕ.

Потврдата, односно сертификат ја издава во согласност со програмата за усовршување, Директорот на ФБЕ.

**Член 10**

Во реализацијата на програмите на ФБЕ, покрај академскиот кадар на ФБЕ, можат да учествуваат и други високообразовни институции, овластени или лиценцирани правни и физички лица за одредена област еминентни стручни лица од практиката и експерти од определени области.

**Член 11**

Учесниците на програмите за стручно, односно професионално усовршување и другите форми на неформално учење можат да бидат поединци, вработени во деловни субјекти, институции и сл., кои што во текот на своето работење се среќаваат со различни економски, бизнис или менаџмент проблеми и предизвици и имаат потреба од примена на нови и актуелни знаења и техники.

Учесниците на програмите за стручно, односно професионално усовршување и другите форми на неформално учење ќе се информираат за активностите на ФБЕ преку објавување информации за истите на интернет страната на ФБЕ, преку директно доставување покани до субјектите од бизнис заедницата, соопштенија во електронските и печатените медиуми и сл.

**Член 12**

ФБЕ може да изготвува експертизи, вештачења, проценки, анализи, студии или да извршува други консултантски услуги по доставено писмено барање од заинтересиран субјект.

По пристигнувањето на барањето, Директорот формира работна група од наставници и други работници од соодветната област на којашто се однесува определеното барање.

Бројот на членовите во работните групи, во секој конкретен случај, ќе биде во зависност од сложеноста на проблемот што се решава.

По донесувањето на одлуката за формирање работна група, на членовите на работната група им се доставува одлуката, барањето и материјалите, како прилог кон барањето.

**Член 13**

За изработката на експертизи, вештачења, проценки, анализи, студии или вршење консултантски услуги, подносителот на барањето- нарачателот склучува договор со Факултетот.

Во договорот ќе бидат утврдени правата и обврските на нарачателот и изведувачот, надоместоците за изработка на експертизата, вештачења, анализата, студиите, односно извршувањето на услугите, рокот за извршување на работата и други посебни услови.

**Член 14**

Членовите на работната група се должни да се придржуваат кон роковите и условите предвидени во договорот.

Членовите и раководителот на работната група за својата работа одговараат пред Директорот на ФБЕ.

Лицата од ставот 1 од овој член одговараат за последиците што ќе произлезат од неисполнувањето или неправилното исполнување на договорните обврски.

**Член 15**

Експертизите, вештачењата, проценките, анализите и другите материјали што се изработуваат на ФБЕ ќе бидат потпишани од страна на сите членови на работната група и ќе бидат заверени со печат од Факултетот.

**Член 16**

Остварените приходи од работата ќе биде наменет за ФБЕ и за исплата на надоместоци и авторски хонорари и персонален данок на лицата ангажирани во обуката, курсот, односно изработката на експертизата, анализата, вештачењата, како и надоместоци за другите лица, ангажирани при реализацијата на програмите.

За висината на надоместоците и авториските хонорари од став 1 на овој член, ангажираните лица потпишуваат договор со кој ги регулираат меѓусебните права и обврски.

При утврдувањето на висината на авторските хонорари и надоместоците основни критериуми ќе бидат ангажманот, обемот на извршената работа и придонесот при реализацијата на програмата

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член** 17

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 18**

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување.

Директор,
д-р Биљана Ѓозинска, с.р.